УДК. 378. 14 (497. 17) : 172. 4

Олга МУРЏЕВА - ШКАРИЌ

# АКАДЕМСКО ПРОУЧУВАЊЕ НА МИРОТ

Мнозинството на балканскиот простор - страдно за мир, сигурност, повеќе правичност и развој на личниот идентитет - чувствува нагласена потребна од знаења и вештини кои би овозможиле, преку алтернативни ненасилни начини, да се воспостави и зачува мирот и понатаму да се унапредува културата на мирот. Мирот е најзначајна вредност и поради тоа не може да се препушти само како исклучива грижа на професионалните политичари, туку треба да биде заедничко дело на сите, при што од драгоцена вредност се одговорните активности на луѓето кои се бават со наука.

Загрижува фактот што современите општества обилуваат со насилство и милитаристички начин на размислувања и однесувања. Посебно вознемирува фактот што мнозинството е убедено дека сопствените животи, слободата и имотот можат да ги сочуваат само со оружје, иако е видливо дека наоружувањето на спротиставените страни само го затвора маѓепсаниот круг на несигурноста и насилството. Очигледно е дека славните херои за кои се учи во националните истории се само од војните во кои победиле оние кои тие исти истории ги пишуваат. За хероите на мирот, за ефикасните алтернативни ненасилни отпори и за ненасилните алтернативни начини на решавање на крупните конфликти, многу малку се знае на балканските простори, како и на многу други места во светот.

Едукацијата за мир има пракса стотици години наназад. Еден кус преглед на едукацијата за мир (1) ќе покаже дека во Европа во Првата светска војна се развивала едукација за меѓународно разбирање, а по Втората светска војна се јавил интересот за едукација на граѓани на светот. Од 1900 шведскиот хемичар Алфред Нобел оставил средства за доделување награда за мир. Во Скандинавските земји од 1940 е воведен предмет "Едукација за меѓународно разбирање". Од 1960 Финската влада ја спонзорира едукацијата за разоружување и воспоставила Фински институт за истражување на мирот.

Во САД во 1950 г. група универзитетски наставници подготвиле истражувања за војната и мирот и во 1952 г. формирале Група за истражување на војната и мирот. Како одговор на Виетнамската војна

во САД доаѓа до ширење на мировни студии на повеќе колеџи и универзитети. Се развиваат програми за ненасилни начини на решавање конфликти. Развојот е брз и во 1987 се наведува дека во САД 235 универзитетски центри имале програми за проучување на мирот, а овој број сега е многу поголем.

Во 1964 се формира Меѓународна асоцијација за истражување на мирот (IPRA). Проучувања на мирот има во азиските земји, земјите од Латинска Америка, а еве и меѓу нас и пошироко заживеа од крајот на 1993 ***Балканскиот центар за проучување на мирот при Филозофскиот факултет во Скопје***. Потребата од еден ваков центар произлезе од фактот што мирот како врвна општествена вредност широко се проучува во рамките на бројни универзитети насекаде во светот, што не е случај на Балканот. Исто така војната и напнатата состојба на Балканот ја актуелизира потребата од формирање и обединување на кадри и широк круг граѓани кои со поголема стручност и вештина ќе работат на одржување и унапредување на мирот. Секаде каде мирот е загрозен природно е тој да стане привилегирано подрачје за академско проучување. Овој универзитетски центар ќе настојува поврзувајќи се со други слични центри во светот на меѓународното споделување на насобраните искуства, знаења и вештини за унапредување на светската култура на мирот преку сите можни начини на соработка. Исто така ќе бидат преземени неброени мировни граѓански акции засновани на заеднички научни проучувања и мудри сознанија. Академските проучувања за мир ќе ги ангажираат наставниците и соработниците заедно со студентите да направат заеднички истражувања и обука со цел што повеќе луѓе да откријат нови сознанија за нивните разлики и настојувања за заеднички истражувања и обука со цел што повеќе луѓе да откријат нови сознанија за нивните разлики и настојувања за заеднички визии. Балканот со своето историско и политичко минато отвора можности за проучување на причините за конфликтите, но и за откривање на благодетите што ги носи културната разновидност.

## 1. Проучувањето на мирот како посебно научно подрачје

Проучувањето на мирот е заедничко поле во кое се сретнуваат различни научни дисциплини (2). Научните дисциплини се ограничени на издвоени делови од сознанијата и тие преку аналитичен приод ги проучуваат одделните делови од разбиените целини од сознајната реалност. Проучувањата на мирот не се стремат да станат научна дисциплина за себе, туку да функционираат како посебна целина во чиј состав влегува избор од веќе постојните научни дисциплини. Проучувањата на мирот ги користат методологиите и сознанијата од избраните постојни научни дисциплини.

Според веќе доволно акумулираната библиографија и литература, според содржините од кои заедно може да се состави еден предмет кој може да се предава (како што се на пример, знаења поврзани со насилството, конфликтите и нивното намалување, кои придонесуваат за унапредување на мирот и правдата) и според изградената методологија произлезена од општествените науки, проучувањето на мирот може да се смета за посебно научно поле. Останува моралниот долг на научниците натаму да го развиваат ова посебно научно подрачје.

Постојат и други белези кои од проучувањата на мирот прават ново научно подрачје, а тоа е постоењето списанија, асоцијации, посебни групи и институти за проучување на мирот.

Потребата од создавање нови предмети и програми за мировни студии во кои биле вклучени, меѓу другото, ненасилните облици на социјални промени, алтернативните методи на решавање конфликти и динамиките на мировните движења, ја наметнуваат потребата од специјализиран кадар за ова подрачје.

Нагласуваме дека проучувањата на мирот се посебно научно подрачје (а не посебна научна дисциплина) чија посебност е мултидисциплинарниот, интердисциплинарниот и трансдисциплинарниот приод во едукацијата, истражувањето и примената на сознанијата за воспоставување и унапредување на културата на мирот.

*Мултидисциплинарниот приод* подразбира дека од повеќе научни дисциплини секоја засебно го проучува едно исто прашање без нивно меѓусебно поврзување.

*Интердисциплинарниот приод* подразбира поврзаност меѓу научните дисциплини во разгледувањето на едно заедничко прашање.

*Трансдисциплинарноста* е повисок обид во објаснувањето на поими кои се застапени во повеќе научни дисциплини и таа е она кон кое студиите за проучување на мирот би требало да се стремат.

Во интердисциплинарните и трансдисциплинарните проучувања постои интеграција или синтеза на различните делови од сознанијата, во нашиот случај поврзани со мирот.

Првите студии за мир биле во рамките на политичките студии за меѓународни односи. Денес нагласката е на односите во самото општество каде има изобилство од насилство. Студиите за мир се́ свртуваат кон насилството, правдата и подлабоки општествени промени. Формирањето на невладини организации и други групи за притисок се активности со мировна ориентација. Студиите за мир се' повеќе се свртуваат кон знаења и вештини за намалување на насилството во рамките на една група и меѓу разни помали или поголеми групи како што се државите, регионите, блоковите. Сега целта е што повеќе научни дисциплини да ги вклучат содржините кои ќе ја унапредат културата на мирот. Проучувањата на мирот се дел од по-

широкото движење не само за мултидисциплинарен приод туку и за ориентација кон акција и едукација заснована на проучувањата. (3)

Досега во практиката програмите за проучување на мирот служат како средство меѓусебно да се поврзат предметите кои содржат теми поврзани со проучувањето на мирот. Релевантни предмети од разни факултети и студиски групи собрани заедно овозможуваат да се реализираат поголемиот број студии за мир (4,5) Овој збир од наставни предмети потоа е зголемен со нови наставни предмети кои вклучиле содржини кои не постоеле во дотегашните предмети. Потоа од програмите за студии за мир одделни предмети се вклучени во другите, веќе постојни студиски групи.

Кога едно новно подрачје за студирање се воспоставува, најчесто научниците и истражувачите се здружуваат заедно да разгледаат група поврзани теми и така создаваат ново поле за научни проучувања.

Пример за ова е новото подрачје за анализа и решавање конфликти. За конфликтите се зборува и тие се проучуваат во разни научни дисциплини (психологијата, правото, економијата, педагогијата). Кога ќе се соберат заедно сознанијата од различните научни дисциплини поврзани со конфликтите се создава подрачје кое денес е мошне актуелно и се занимава со проучување и обука за практично решавање на конфликти.

## 2. Придонес на студиите за мир за Универзитетот

Студиите за мир овозможуваат поголема соработка меѓу универзитетските работници од различни научни дисциплини и споделување на напорите, знаењата, методите и техниките за остварување заеднички цели преку интердисциплинарен приод.

Оттука посебен придонес на универзитетските студии за мир се:

-Обединување на различните научни дисциплини и нивно заемно збогатување;

- Заедничко работење на наставниците и соработниците од различни научни дисциплини со различни методологии придонесува за зголемување на креативноста;

-Ќе се развијат нови стручни лица со интердисциплинарен приод и способни да ги решаваат крупните проблеми поврзани со остварување култура на мирот;

- Можат да го зголемат угледот на Универзитетот и да му донесат нови средства за развој.

## 3. Процесот на развој на наставните планови и програми за студии за мир

Најнапред треба да се направи работна група од наставници од различни научни дисциплини кои се потенцијално можни да бидат вклучени како наставници за одделни предмети или делови од наставата. Студентите треба да бидат вклучени од самиот почеток во креирањето на наставни планови и програми, бидејќи заживувањето и димензионирањето на студиите за мир е сврзано со нив.

Работната група која ги планира студиите за мир, пред сѐ, ги зацртува следниве задачи:

1. Определување на големината на подрачјето кое ќе се изучува и концептуалната рамка со прашањата кои ќе бидат студирани;

2. Определување на местото каде тие ќе се лоцираат во рамките на Универзитетот. Треба да се расчисти дали редовни студии или специјалистички и постдипломски кои ќе бидат соодветни и за дипломирани студенти од други факултети освен оние од општествените науки (и кои други и под кои услови ќе може да студираат). Во светот во последнава декада ориентацијата најмногу е свртена кон специјалистички, магистарски и докторски студии од ова подрачје. Посебен предизвик е развивањето на меѓукултурната и интернационалната едукација, како и на имагинации за видот на идниот облик на локалната и глобалната светска заедница и тесната врска меѓу мирот и правичноста.

*Поимнаша рамка за сшудиише за мир* обично се прави засновувајќи се на литературата која се однесува на меѓународните односи. Потоа таа многу повеќе се засновува на силната литература околу решавањето конфликти. Како најсовремен приод кон градењето поимна рамка е зацврстувањето основни компоненти кои ќе бидат опфатени во проучувањата на мирот преку идентификување на дисциплините кои досега најмногу придонеле во разбирањето на мирот, како што се психологијата, антропологијата, социологијата, меѓународните односи, економијата, воената наука и цивилната заштита. Исто така се земаат во обѕир историскиот и геополитичкиот приод.

Најчесто академските програми за проучување на мирот ги опфаќаат следниве содржини:

1. Причини и последици од насилниот конфликт (програмата опфаќа знаења од природата на агресијата, услови кои придонесуваат конфликтот да прерасне во насилство, ефектите на насилните разрешувања на конфликтот врз жртвите, нивното повторување и поширокото влијание) и ненасилството;

2. Теории, методи и вештини за анализа, справување, намалување, решавање и видоизменување на конфликтите (преговарање, арбитража, помирување, медијација);

3. Интеркултурни и етнички перспективи во раководење и решавање на конфликти;

4. Теории и вештини на комуникација;

5. Анализа на трите нивоа на хуманата интеракција и тоа: индивидуална, меѓугрупна и меѓудржавна и во рамките на меѓународниот систем;

6. Тимска работа (способности за раководење, способности за решавање проблеми и донесување одлука, групна динамика);

7. Вредности, норми и институции неопходни за градење свет со помалку насилство.

Секако дека треба да има изготвени програми кои ќе ги опфатат поимните, теориските и историските корени и ќе бидат вовед во проучувањето на мирот, човековите права, глобалните општествени движења и промени, како и за ненасилните начини на решавање конфликти и промени на светот.

## 4. Како да се започне со развивање редовни академски студии за мир

*Хоризонталното поврзување* на различните научни дисциплини кои веќе се проучуваат на Универзитетот се најчестиот приод кога треба да се започне со академско проучување на мирот. На овој начин отворањето нови студии за мир ќе чини поевтино и ќе биде побрзо бидејќи во наставата ќе се вклучат постојните кадри со лична подготовка и дообразување (преку стручна литература, студиски престои во странство, соработка со експерти од подрачјето на проучувањето на мирот, посебни тренинзи и сл).

Се очекува наставниот кадар и соработниците од различни научни дисциплини соработувајќи да изградат заедничка визија за проучување на мирот преку реформулирање на програмите, вклучувајќи содржини од ова подрачје во постојните предмети. Воведување нови предмети е можно било преку самообразование на постојните кадри и/или преку специјалистички и докторски студии на нови кадри.

Во почетната фаза на проучувањето на мирот не се потребни голем број нови вработувања. Но мошне е значајно да се вклучат најпочитуваните професори од Универзитетот со цел да се разбие предрасудата дека мировните студии се лесни и незначајни. Академското ниво на квалитетот на програмата ќе зависи од способноста на самиот наставен кадар да пренесува знаења. Значајно е вклучените наставници да бидат лично убедени дека мировните студии се централна задача во сегашните нараснати тензии и насилства во групите и меѓу групите со различен интерес.

*Гостување на меѓународни експерти* како професори и обучувачи за најновите сознанија и вештини околу проучување и градење култура на мирот е денес раширена практика во воспоставувањето на студиите за мир.

Во почетните години на воспоставувањето на студиите за мир и за развој на сопствените кадри за ова научно подрачје ќе биде потребна помош од надворешни соработници, кои произлегуваат од реномирани универзитетски центри за мир во светот. Тие би престојувале на Универзитетот каде се воспоставуваат академски студии за мир како визитинг професори, платени од меѓународни фондации во рамките на меѓународната универзитетска размена.

### 5. Студентска активност во креирањето програми за проучување на мирот

Очекуваме студентите да станат водители на идниот општествен развој. Оттука тие едновремено ќе учествуваат во креирањето на програмата и ќе бидат нејзини слушатели. Наставата треба да биде ориентирана на активно учество на студентите од кои секој ќе изложува и ќе дискутира за ненасилство, социјалните промени, алтернативен безбедносен систем и сл. Да се учи да се размислува за нешто како можна реалност и потоа да се настојува истото да се оствари - ете за тоа треба да се подготвуваат студентите. Освен што ќе бидат активни во сегашноста и во креирањето на иднината, тие лично самите ќе бидат и нејзини реализатори.

Учењето треба да биде преку лично искусување, со стимулирање на акциони истражувања, обука за вештини со кои ќе се решаваат животно значајни практични проблеми, а сепак да се оди и кон остварување подалечна визија. Од студентите ќе се очекува способност за внимателна и систематска анализа, подготвеност на волонтерски активности, активно да партиципираат во програмата, изготвувајќи свои согледувања врз основа на претходна подготовка со практични и стратешки вештини, за да ги изменат општествените услови и односи.

### 6. Модели за развој на програмите

Добро е што *повеќе студенти* на сите факултети да добијат *основни знаења и вештини од областа на проучувањата на мирот и решавањето конфликти* преку предавања и вежби. Тоа може да биде преку *факултативна настава* или определен број задолжителни часови кои нема да се оценуваат, или пак преку *посебен предмет кој би бил вовед во студиите за мир и решавањето конфликти.*

Во развивањето на студиите за мир централно место треба да заземе соодветниот вовед за мир за широк број слушатели.

## 7. Вредносна ориентација во проучувањата на мирот

Општествените вредности се пренесуваат по вербален пат подеднакво како и преку обноските, преку моделирање, традициите и ритуалите. Значењата произлегуваат од вредносниот систем и тие определуваат, меѓу другото, што е вистина, припадност и избрано, а што наметнато (R.Crews). (6)

Постојат *научни вистини* кои се составени од знаењата добиени преку научната методологија и тие можат да се проверуваат и докажуваат. Но постои и *метафизичка димензија на вистината* која е составен дел на секој верски систем. А токму ова е спорно и предмет на конфликти меѓу припадниците на разни религии. Мирот ќе се воспостави тогаш кога припадниците од различни религиозни системи ќе ја прифатат светоста на верувањата на лицата со друга верска определеност. Оттука во проучувањата на мирот не може да се избегне вклучувањето на посебен предмет кој ќе ги разгледува религијата и различните религиозни системи.

Припадноста на определена група т.е. корените на идентитетот треба да бидат разгледани во програмата која се однесува на проучувањето на мирот. Конфликтите кои водат до меѓусебно насилство најчесто се меѓу групите, меѓу "нис" и "тие". Постојат стереотипи и предрасуди за другите групи кои најчесто ги вреднуваме негативно за разлика од позитивното вреднување на себе и опис од групата на која ѝ припаѓаме. Оттука треба да се работи на програми за разбивање на предрасудите и на правење интеркултурни едукативни и медиумски програми кои ќе овозможат запознавање со другите групи и култури. Особено е добро (преку техниката на имагинација на поинакви односи, поинакви локални и глобални претстави и "карти") да се согледа променливоста и релативноста на припадноста, заедничкото повеќе од она што исклучува, вредностите на секоја група, а не натпреварот заради престиж на сопствената група.

Можноста и правото на *личен избор* е значајно да се стимулира во студиите за мир. Секако дека мора да се изнесат начините како самите активно може да ја креираме иднината која сами ќе ја структуираме преку вклучени техники како што е "Имагинација на свет без оружје" (развиена од W.Ziegler, а често употребувана според обликот што го дала E.Boulding).(7)

Студентите треба да бидат обучени вредностите да ги преиспитуваат критички, а не да ги прифаќаат како вистини кои се дадени еднаш за секогаш.

G.Lopez (8) во размислувањата за развојот на наставните планови и програми за студиите за мир вели дека е подобро да се планира да се учи за глобалната безбедност а не за националната, да се развиваат оние вредности и политички ориентации кои ќе овозможат создавање подобар глобален светски систем; да се интегрира науката за меѓуиндивидуалните обноски и меѓународните односи со приоди

засновани на јазична анализа: феминистичкиот приод; историјата, теоријата и практиката на ненасилната борба, одбрана и решавање конфликти; да се зајакнат студентите во нивната верба во сопствена политичка моќ која е многу разбиена поради нараснатото бирократско одлучување, насилството и неправдата.

Студентите често се чувствуваат немоќни и затоа се потребни курсеви со содржини на знаења и вештини кои ќе им влеат верба и знаења во настојувањата со личен напор да го менуваат сопствениот живот.

## 9. Проблеми околу воспоставување студии за мир

Во светот каде има студии за мир е познато дека главниот проблем при нивното создавање и одржување произлегува од потребата од интердисциплинарен приод. Постои потреба од интелектуална соработка која ги надминува границите поставени во рамките на научните дисциплини. Ова секогаш е отежнато од администрацијата која е структурирана и организирана во рамките на одделни факултети и не е подготвена да соработува со другите факултети. Искуството покажува дека многу од проблемите произлегуваат подоцна, откако веќе ќе се воспостават интердисциплинарни студии. Најдобро е ако барем едно лице во целина се заинтересира и се ангажира за реализирање и координирање на интердисциплинарната програма. Проблемите не произлегуваат само од оние кои не веруваат дека студиите за мир имаат значајно влијание врз воспоставувањето и унапредувањето на културата на мирот и оние кои отворено се противат, туку токму од неутралните, т.е. оние кои стојат настрана и главно се познати како инертни на сè што треба да се движи напред.

Како и сите универзитетски програми, програмите за студиите за мир се прилагодуваат на општествената и академска средина во која треба да се применуваат. Тие се подложни на менување. Денес е забележителен интердисциплинарниот приод со мисионерска ориентација во истражувањата и едукацијата, со ненасилна граѓанска одбрана, со раширена меѓународна мрежа на соработка меѓу научниците и со постојано зголемување на бројот на меѓународните невладини организации (E.Boulding). (3)

ЛИТЕРАТУРА

[1]. Harris,Ian M.(1988). Peace Education North Carolina London: Mc Farland & Company.

[2]. Rank, C. (1989). The interdisciplinary Challenge of Peace Studies. In: Thomas, D. & Klare, M (Eds), Peace and World Older Studies (A Curriculum Guide) (PP.87-94), Bouldre, San Francisko, & London: Westview Press.

[3]. Boulding, E.(1989). Introduction. In:Thomas, D &Klare, M(Eds), Peace and World Older Studies (A Curriculum Guide) (pp3-8), Bouldre, San Francisko, & London: Westview Press.

[4] Wien,B. (Ed) (1984). Peace an World Older Studies (A Curriculum Guides), New York: World Policy Institute.

[5] Thomas, D. & Klare,M (Eds) (1989). Peace and World Older Studies (A Curriculum Guide), Bouldre, San Francisko. London: Westview Press.

[6] Crews,R. (1989). A Values-Based Approach to Peace Studies. In: Thomas,D, & Klare M. (Eds), Peace and World Older Studies (A Curriculum Guide) (pp28-37), Bouldre, San Francisko, & London: Westview Press.

[7]. Boulding,E. (1990). Building a Global Civic Culture, Syracuse University Press.

[8]. Dugan,M.(1989). Peace Studies at the Graduate Level In: Lopez,G. (Ed), Peace Studies: Past and Future (pp.72-79), The Annals of the American Academy of Political and Social Science, Vol. 504.

Olga MURDŽEVA- ŠKARIĆ

## ACADEMIC PEACE STUDIES

(Summary)

Everywhere peace is endangered it is natural that it becomes a privileged area of academic studies. A characteristics feature of the education for peace, of the peace studies, and the application of the knowledge and skills for the realization of peace culture is the multidisciplinary, interdisciplinary and transcdisciplinary approach.

This paper brings forth ways of developing curricula and syllabi for peace studies and ways of establishing academic peace studies.